Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 17.10.2022

На 16.10.2022 во 16.55 часот, полициски службеници од СВР Куманово ја лишиле од слобода М.З.(24) од Куманово. Таа се сомничи дека малку пред тоа извршила кражба во приватен имот на улицата „Стево Филиповиќ". Одземениот предмет бил пронајден и вратен на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.10.2022 од страна на полициски службеници од полициската станица Битола и криминалистичката полиција на СВР Битола на ул.„Мирка Гинова" во Битола биле лишени од слобода П.Д.(35) и Х.Б.(21), двајцата од Битола, затоа што кај нив се пронајдени две пакувања со марихуана и боксирач. Истите се однесувале агресивно кон полициски службеници кои вршеле службени дејства. Лицата се приведени и по документирање на настанот ќе следува кривична пријава.

На 17.10.2022 во 00.15 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода двајца малолетници од Скопје, затоа тоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и прашкаста материја. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници на СВР Тетово вчера (16.10.2022) околу 21.30 часот, во парк на улица „Борис Кидриќ" во Тетово, ги лишиле од слобода А.Б.(23), Б.И.(25), А.А.(22) од Тетово и И.И.(25) од тетовска Мала Речица, во чија непосредна близина, им било пронајдено кесе со марихуана. Четворицата се задржани во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот, по што ќе им бидат изготвени поднесоци.

На 16.10.2022 во 22.50 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода М.М.(31) и Л.С.(22), двајцата од Скопје, затоа тоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.10.2022 во 13.15 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.Б.(50) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.10.2022 во 18.00 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.Т.(27) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.10.2022 во 14.45 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.В.(24) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.10.2022 во 17.10 часот на подрачје на Бит Пазар, Скопје од полициски службеници од СВР Скопје е лишен од слобода С.М.(22) од Босна и Херцеговина, а со привремен престој во Република Северна Македонија затоа што се барал по телеграма од Единицата за насилен криминал при СВР Скопје, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело казниво по чл.130 ст.2 од Кривичниот законик. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.10.2022 година во 12.25 часот во Полициско одделение Нов Дојран, И.К. од Нов Дојран пријавила дека на улица „Крсте Петков Мисирков" во Стар Дојран била пронајдена граната. Увид на местото извршил инспектор од Дирекција за заштита и спасување Струмица, при што било утврдено дека станува збор за неексплодирана граната, калибар 75 мм, која потекнувала од Првата светска војна и која е безбедно подигната.

На 16.10.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 19 прекршоци, од кои 10 во населено место и 9 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 11.00 до 16.00 часот спроведена е акциска контрола на прекршоци кои ги прават возачите на мотоцикли. Притоа, биле изречени санкции за 10 прекршоци, од кои 6 за неносење заштитен шлем, 2 за управување без возачка дозвола... На 15/16.10.2022 во периодот од 22.00 до 04.00 часот на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола било констатирано дека 13 возачи управувале возила под дејство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај, времено им биле одземени возачките дозволи и изготвени им биле прекршочни платни налози. Санкционирани биле и 28 други видови на прекршоци, од кои 12 за управување возило без возачка дозвола, 8 за возач почетник, 1 за непочитување првенство на минување, 6 за некористење сигурносен појас и 1 за непрописно паркирање.

Полициски службеници на СВР Тетово вчера (16.10.2022) од 11.00 до 16.00 часот спроведоа засилена акциска контрола на мотоциклисти, во која вкупно се откриени и санкционирани 17 прекршоци (ТЕ-8 и ГВ-9). Најголемиот број од прекршоците (13) се однесувале на некористење на заштитна кацига (ТЕ-5 и ГВ-8), 3 (ТЕ) ги управувале мотоциклите без положен возачки испит и соодветна дозвола, а 1 (ГВ) управувал нерегистриран мотоцикл. При контролата, исто така, биле санкционирани и 9 други (ТЕ-6 и ГВ-3) сообраќајни прекршоци.

На 16.10.2022 во 13.30 часот, на магистралниот пат Охрид-Ресен, кај превојот „Буково", се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл „сузуки", управуван од Д.Ѓ.(20) од Охрид, мотоцикл „сузуки", управуван од Д.А.(21) од Охрид, двата со охридски регистарски ознаки, и патничко возило „поло", со битолски регистарски ознаки, управувано од С.П.(59) од с.Бистрица, битолско. Во несреќата, двајцата мотоциклисти се здобиле со тешки телесни повреди, додека Е.К.(19) од Охрид, сопатник на едниот мотоцикл, возачот на возилото „поло" и сопатничките Л.Р.(49) и Т.П.(55), двете од Битола, се здобиле со телесни повреди, констатирани во болницата „Св.Еразмо" во Охрид. Извршe е увид на местото на несреќата.

На 16.10.2022 во 21.35 часот во Полициската станица Драчево, М.Ј.(79) од Скопје пријавила дека на ул.„Бранко Заревски" била касната од куче скитник.

Денеска (17.10.2022) во 11.55 часот во населбата Ќерамидница, од полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје бил лишен од слобода Е.А.(19) од Штип. За него била распишана централна потерница по наредба од Затвор Струмица, каде издржувал казна затвор за сторено кривично дело по чл.242 од Кривичниот законик, а дополнително за него се води постапка во Основен суд Штип, поради сомнение за сторени други кривични дела по чл.236). Е.А. ќе биде предаден на надлежната казнено-поправна установа.

На 17.10.2022 во 23.30 часот, на локален пат помеѓу кичевските села Колибари и Црвевци, полициските службеници при преглед на патничко возило „опел корса", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.К.(23) од Кичево, пронашле и одзеле марихуана. Возачот и сопатниците М.А.(22) и Н.П.(23), двајцата од Кичево, се приведени и против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.10.2022 во 08.20 часот било пријавено дека на подрачјето на Кисела Вода, во автобус на ЈСП бр.67, по претходна расправија околу проверка на возен билет, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу И.С.(38), вработена како контролор во ЈСП и патник Н.З.(48), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 17.10.2022 во 00.00 часот било пријавено дека пред угостителски објект на подрачјето на Гази Баба, по претходно недоразбирање, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Д.(38) и Д.Т.(32), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Ј.Б.(24), К.К.(52) и М.Д.(43), поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 30.08.2022 околу 21.45 часот, по претходна расправија помеѓу пријавениот Ј.Б. и И.Д.(32), пријавените со тврди предмети физички нападнале трт лица, а оштетиле и паркирано возило на едно од лицата.

На 16.10.2022 во 21 часот, В.Џ.(26) од Скопје пријавил дека околу 20.30 часот на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.10.2022 во 22.00 часот А.К.(51) од Скопје пријавил дека околу 20.00 часот на подрачјето на Бит Пазар неговиот син бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против О.С.(54) од с.Звегор, делчевско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". Пријавениот, на 21.09.2022 околу 15.20 часот во с.Звегор, по претходна расправија, со тврд предмет нападнал малолетник.

На 16.10.2022 околу 09.30 часот во СВР Скопје, Ж.И. пријавил дека на планината Китка, на 10 км над с.Вражале, скопско, го пронашле починат Ј.Ј.(33) од Скопје, кој заедно со Ж.И. и уште двајца познаници биле на лов. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје. Од лекар од судска медицина е констатирана смрт без траги на насилство.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кавадарци поднесе кривична пријава против против Ф.Н. (22) и Н.Р. (26), двајцата од Кавадарци, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 22.02.2022 полициски службеници од ОВР Неготино, при извршен преглед над пријавените и патничко возило „ј,ундаи", со прилепски регистарски ознаки, во близина на градските гробишта и хотел во Неготино, пронашле амфетамин.

На 17.10.2022 во 01.30 часот во Полициска станица Чаир, Б.К.(50) од Скопје пријавил дека на 16.10.2022 околу 21.00 часот во дворот од неговата куќа на подрачјето на Чаир Р.С., С.Ј., А.Ј. и Ш.С. му упатувале закани. Според пријавеното, Р.С. и претходно му упатувал закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.10.2022 во 16.00 часот Т.П.(40) од с.Бразда, скопско пријавил дека во с.Бразда, по претходна расправија, бил физички нападнат од С.Б.(78) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет